


Билтен 4

Co-funded by the European Union

Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only and do not necessarily reflect those of the European Union or the European Education and Culture Executive Agency (EACEA). Neither the European Union nor EACEA can be held responsible for them.

SMILE влегува на универзитетите: Моделот преминува во пилот фаза



По активностите за дизајнирање, развој и обука спроведени во претходните работни пакети, проектот **S.M.I.L.E. – Skill Match in an Intelligent Learning Environment (Синхронизација на вештините во интелигентно образовно опкружување)** влезе во својата најпримената фаза: пилотирање на SMILE Моделот во рамки на партнерските универзитети.

WP4 претставуваше клучен чекор за проверка, во реални услови, на ефективноста, применливоста и преносливоста на пристапот развиен од конзорциумот. Неговата цел беше да им обезбеди на високообразовните институции заеднички методолошки и технолошки пакет алатки што ќе овозможи анализа на потребите од компетенции кај студентите и ќе придонесе кон намалување на јазот помеѓу универзитетските образовни патеки и очекувањата на пазарот на труд.

Во пилотирањето беа вклучени партнерските универзитети од Италија, Шпанија, Полска и Северна Македонија, каде што професори, советници за кариерно насочување и специјалисти од кариерните центри го применуваа S.M.I.L.E. Моделот директно со студентите.

Ова беше моментот кога S.M.I.L.E. премина **од дизајн во практика**.

Транснационална лабораторија за поинтелигентно кариерно насочување

Пилотирањето беше осмислено како заедничка патека, но истовремено доволно флексибилно за да се приспособи на специфичностите на различните универзитетски контексти.
Универзитетските партнери избраа професори, советници за кариерно насочување и специјалисти од кариерните центри преку транспарентни и инклузивни постапки, давајќи приоритет на професионалци директно вклучени во наставата, кариерното насочување, вработливоста и процесите на професионално позиционирање. Секој универзитет требаше да вклучи најмалку девет професионалци, како дел од пилот активност спроведена во три земји членки на ЕУ и една земја која не е членка на ЕУ.
Пред примената на алатките со студентите, учесниците подетално го истражија S.M.I.L.E. Моделот преку материјалите на **петте микро модули во форма на отворени образовни ресурси и видео упатствата**, придонесе кон стекнување на потребните знаења за информирана примена на методологиите и технолошките решенија развиени во рамки на проектот.
На овој начин, партнерските универзитети станаа **лаборатории за иновации, каде што наставата**, кариерното насочување, вештачката интелигенција и потребите на пазарот на труд беа поврзани со цел да се тестираат нови начини за поддршка на студентите при нивната подготовка за идниот професионален развој.



Од компетенции до професионални профили: тестирање на TaiLENT



Еден од централните елементи на пилотирањето беше користењето на алатките и услугите достапни на платформата smile.tailent.it, преку која професорите и професионалците за кариерно насочување можеа да применат нови пристапи за анализа на компетенциите на студентите.
Патеката вклучуваше самооценување засновано на европските рамки DigComp, GreenComp и EntreComp, заедно со шест трансверзални компетенции идентификувани од партнерството: соработка, комуникација, преговарање, организациска култура, решавање проблеми и управување со проекти.

Тестирањето, исто така, им овозможи на учесниците да:

- креираат, со поддршка од ВИ, прашалници за самооценување поврзани со конкретни ESCO професионални профили;
- анализираат биографии на студенти преку поврзување на нивните компетенции и искуства со целен професионален профил;
- развиваат квизови за хетерооценување рачно или преку ВИ генератор;
- тестираат со студентите виртуелно интервју засновано на ВИ со помош на аватар, поврзано со ESCO професиите идентификувани во различните национални контексти.

Целта беше да се обезбедат докази што можат да помогнат во идентификување на силните страни, јазовите во компетенциите и можните патеки за професионален развој на идните учесници на пазарот на труд, врз основа на реалните потреби на деловниот сектор.



„Guide to the Future“: запознај се себеси за да ја обликуваш својата иднина

Пилотирањето ја прошири перспективата на оценување преку користење на платформата https://guidetothefuture.conform.it./, интегрирана во S.M.I.L.E. екосистемот.

Професорите, советниците за кариерно насочување и специјалистите од кариерните центри применија најмалку три алатки со студентите, избирајќи од:

Skills Assessment (**проценка на вештини**), Personal SWOT Analysis (**лична SWOT анализа**), Compass of Aspirations based on the RIASEC model (**Компас на аспирации заснован на RIASEC моделот**), Focus on Soft Skills (**Фокус на меките вештини**) и Business Orientation (**Деловна ориентација**).

Овие алатки овозможуваат да се надмине само мерењето на компетенциите, преку дополнително истражување на професионалните интереси, аспирациите, самосвеста, способноста за планирање и разбирањето на деловните и пазарните динамики.

На овој начин, S.M.I.L.E. Моделот го поврзува она што едно лице го знае и умее да го прави со она што сака да постане, професионалните можности што му се достапни и компетенциите што ги бара пазарот на труд.

Преку S.M.I.L.E. Моделот, кариерното насочување станува поперсонализиран процес заснован на докази, кој може да ги поддржи студентите од фазата на самоспознавање, па сè до развојот на попрепознатлив и поконкурентен професионален профил на пазарот на труд.

Универзитетите и бизнисите заеднички ги валидираат резултатите

Пилотирањето не заврши во рамки на универзитетите.
Напротив, една од карактеристичните одлики на WP4 беше вклучувањето на деловниот сектор во процесот на валидација. Уште пред почетокот на пилотирањето, партнерите организираа можности за дискусија со претставници на МСП со цел да се провери **суштинската, методолошката и технолошката усогласеност** на Моделот и да се соберат повратни информации за релевантноста на оценуваните компетенции во однос на реалните потреби на компаниите.



По завршувањето на тестирањето, резултатите што ги постигнаа студентите, како и оценките направени од професорите и професионалците за кариерно насочување, исто така беа споделени со компаниите со цел да се добијат дополнителни повратни информации.
Меѓу другото, од компаниите беше побарано да оценат дали: идентификуваните компетенции се препознатливи и вреднувани во деловен контекст; утврдените јазови се во согласност со професионалните очекувања; поврзувањето со ESCO профилите овозможува појасно разбирање на можностите за вработување; алатките за кариерно насочување обезбедуваат веродостојни информации за способностите, зрелоста при донесување кариерни одлуки и способноста за разбирање на деловните динамики.
Токму овој дијалог помеѓу **универзитетите и бизнисите** го направи пилотирањето вистински процес ориентиран кон валидација, со цел намалување на неусогласеноста помеѓу понудените и бараните вештини.



ОСТАНЕТЕ ВО ТЕК СО АКТИВНОСТИТЕ НА S.M.I.L.E.!

Co-funded by the European Union

Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only and do not necessarily reflect those of the European Union or the European Education and Culture Executive Agency (EACEA). Neither the European Union nor EACEA can be held responsible for them.